МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС • ВТОРНИК 7 ДЕКЕМВРИ 1999 372,

## МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# В година, покривот нема да протекува

*Министерството за култура, кое е добро запознато со инфраструктурните проблеми на МСУ, конечно, одобри средства за санација на покривот на Музејот*

"Конечно, добивме зелено светло од ресорното министерство за следнава година да се пристапи кон санација на покривот. За таа цел се одобрени 16 милиони денари. За другиот дел од санациите, како проширување на Музејот, воведување на алармни уреди и санација на клима-уредот, побаравме средства од ФАРЕ, но за тоа - потоа", вели директорот на Музејот за современа уметност, Зоран Петровски.

Со години наназад, проблемот со инфраструктурата го измачува Музејот и го сопира во реализирањето на



својата дејност. Поради прокиснувањето на покривот, горниот кат на Музејот воопшто и не се користи како изложбен простор. Остануваат тешкотиите со застарената електрична инсталација, несоодветното осветлување и греење, како и проблемот со соодветно одржување на влажноста на воздухот.

Ваквите проблеми, кои со години се провлекуваат, го спречуваат Музејот да функционира по сите нормални светски стандарди, кои ѝ се потребни на една ваква институција.